# НЕДЕЛНА АГЕНДА НА ЕВРОПСКА УНИЈА



## „Закон за обнова на природата | „Passerelle“ Клаузули | Владеење на правото“

Оваа недела во Европскиот парламент во Стразбур ќе се одржи пленарна седница, а евро-пратениците ќе гласаат и разговараат за различни иницијативи, вклучувајќи и за Законот за обновување на природата во среда. Во вторник, Колеџот на комесари ќе се состане на нивниот неделен состанок на кој се очекува да разговараат за пакетот наменет за зелен транспорт, иницијатива за виртуелни светови и ревизија на Директивата за правата на жртви. Во понеделник во Брисел ќе се одржи Советот за општи работи, на кој шпанското претседателство на Советот ќе ги претстави нивните приоритети и планираната евалуација на годишниот дијалог на Советот за владеење на правото, заедно со презентација на извештајот на Комисијата за владеење на правото за 2023 година.

ВИДИ ЦЕЛОСНА АГЕНДА

## Европска комисија

Во четврток и петок, комесарот Кадри Симсон ќе биде дел од дијалогот на високо ниво ООН-ЕУ, додека комесарката Хелена Дали ќе учествува на трилогот за Предлогот за директива за борба против насилството врз жените и семејното насилство во четврток. Во четврток и петок, претседателката на Комисијата Урсула фон дер Лајен ќе биде домаќин на состанокот на Европската комисија-Обединетите нации.

ПРОЧИТАЈТЕ ПОВЕЌЕ

## Европски парламент

Во вторник, евро-пратениците ќе разговараат за извештајот за „Passerelle“ клаузулите во Договорите на Унијата, додека во среда ќе се одржи дебата за Зелениот договор, фокусирана на ризикот од компромитирање на патот на ЕУ кон зелената транзиција и нејзините меѓународни обврски. Истиот ден ќе се одржи и дебата за препораките за реформа на правилата на Европскиот парламент за транспарентност, интегритет, одговорност и антикорупција.

ПРОЧИТАЈТЕ ПОВЕЌЕ

## Советот на Европска унија

Во четврток ќе се одржи 29тиот Самит ЕУ-Јапонија каде што претседателот на Европскиот совет Шарл Мишел, како и претседателката на Европската комисија Урсула фон дер Лајен ќе се сретнат со јапонскиот премиер Фумио Кишида. Во петок министрите ќе одржат дебата за политики за приспособениот пакет за „Next Generation EU“ за време на Советот за економски и финансиски прашања. Тие, исто така и ќе дискутираат и за финансиската поддршка на Украина во контекст на ревизијата на Повеќегодишната финансиска рамка.

ПРОЧИТАЈТЕ ПОВЕЌЕ